# УПАТСТВО ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ТРАНЗИТНА ПОСТАПКА СО ПРИМЕНА НА РЕЗЕРВНА ПОСТАПКА

Јануари 2025 година

## Историја на документ

| Издание | Датум на издание | Опис | Направени промени | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Опис на промената | Променети страници/ точки/глави |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 01 | 28.02.2014 | Прво издание | / | / |
| 02 | 26.05.2015 | Второ издание | Изменети<br><br>Дополнети | Точка 2, 4,-11, 17, 19, 22, 25, 27, 29-31, 34, 44, 59, 67; Извршена пренумерација на сите точки; Внесени нови шифри на прилозите<br><br>Преамбула; точки 28, 32, 45-47 нова глава VIII, (точки 41-43); точка 47 |
| 03 | 02-01-2025 | Трето издание | Изменети<br><br>Дополнети<br><br>Избришана<br><br>Сменета нумерација | Т: 2, 5, 7, 11, 12, 13, 14, 15, 17, 18, 19, 23, 24, 28, 29 и 67<br><br>Вовед и Т. 4, 12, 14, 33, 35, 36, 37, 38, 39, 40, 44, 45, 46, 50, 51, 52, 55 и 67<br><br>Т.61<br><br>Од.т.61 до т.67 |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

Врз основа на член 7 став 4 од Законот за Царинската управа („Сл.весник на РМ" бр.46/04, 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 48/10, 158/10, 53/11, 113/12, 43/14, 167/14, 33/15, 61/15, 129/15, 23/16, 120/18 и 248/18 и „Сл. весник на РСМ" бр. 122/21), директорот на Царинската управа на Република Северна Македонија донесе

**Упатство за спроведување на транзитна постапка со примена на резервна постапка**

## I. Општи одредби

1. Со ова Упатство се уредува примената на резервната постапка, начинот на нејзиното спроведување и обврските на одговорните лица.

2. Електронското поднесување на транзитна декларација по пат на електронска размена на податоци со употреба на Новиот комјутеризиран транзитен систем (во понатамошниот текст – НКТС) е задолжително, со што транзитната постапка со примена на НКТС е редовна постапка за транзит.

3. Во случаите кога комјутерскиот систем на главниот обврзник или на Царинска управа не се достапни, за спроведување на транзитната постапка се употребува резервна постапка. Резервната постапка е постапка заснована на употреба на хартиени документи, со цел да се овозможи поднесување и контрола на транзитната декларација и следење на транзитната операција, кога нема можност за спроведување на редовната постапка со употреба на електронски средства. Цел на воведување на резервната постапка за транзит е спречување на поголеми застои и финасиски последици предизвикани со неможноста за поднесување на декларација со примена на редовната постапка.

## II. Општи правила за примена на резервна постапка

4. Транзитна постапка со употреба на НКТС и резервната постапка се различни постапки. Тоа значи дека сите транзитни постапки започнати кај појдовната испостава и пуштени во транзитна постапка со употреба на НКТС, мора кај одредишната испостава да бидат завршени со употреба на НКТС, а сите транзитни постапки започнати во резервна постапка мора да се завршат со примена на резервна постапка.

5. Кога врз основа на одобрение издадено од страна на Одделението дежурен царински центар при Царинската управа, се применува резервна постапка, задолжително се поништува транзитната декларација на која НКТС и доделил Реден број на движење (во понатомашниот текст – РБД), а која понатаму не може да биде обработена поради недостапност на системот, па стоката се пушта во транзитна постапка со примена на резервна постапка. Подносителот на декларацијата е должен на појдовната царинска испостава да и достави информација, да поднесе барање за поништување на декларација (IE014) секогаш

кога декларацијата ќе ја поднесе во НКТС, а после тоа се применува резервна постапка. Во случај кога електронски поднесената царинска декларација не е прифатена во НКТС, појдовната испостава може да побара поднесување на нова декларација во резервна постапка.

## III. Примена на транзитна декларација во писмена форма и печат

6. Во транзитна постапка како декларација во резервна постапка се применува:
   - Единствен царински документ (ЕЦД);
   - ЕЦД испечатен со помош на систем за електронска обработка на податоци на обична хартија согласно условите од член 116 став (3) од УСЦЗ или
   - Образец на транзитен придружен документ (во понатамошниот текст – ТПД) без РБД и/или бар код со претходна согласност од Царинска управа, кога Царинска управа смета дека потребите на економскиот оператор се оправдани.

   Обрасците на царинската декларација може да се дополнат по потреба со еден или повеќе дополнителни обрасци ЕЦД-БИС или Товарница. Доколку се користи ТПД истиот може да се дополни со Список на наименувања. Декларацијата се пополнува согласно УСЦЗ и Правилникот за начинот на пополнување на царинската декларација и кодексот на шифри кои се употребуваат[1]. Сите примероци од транзитната декларација и примероци на употребените дополнителни обрасци или товарницата се оверуваат со печат на појдовната царинска испостава.

7. Сите примероци на транзитната декларација се означуваат со печат „Резервна постапка" (прилог 1) во рубрика А од ЕЦД-то или на места предвидени за РБД и бар кодот, доколку се употребува ТПД, со цел употребата на резервната постапка да биде препознатлива за сите страни вклучени во транзитната операција. Во случај на редовна транзитна постапка, декларацијата со печат за резервна постапка ја оверува појдовната испостава, а во случај на поедноставена постапка, примерок од декларацијата со печат за резервна постапка ја оверува овластениот испраќач. Изгледот на Печатот за резервна постапка е даден во Прилог број 1 од ова Упатство.

## IV. Одобрување за употреба на резервна постапка во случај на неработење на НКТС во Царинска управа

8. Употребата на резервна постапка се одобрува само во случај кога се работи за поголеми застои во работењето на НКТС, а кое може да предизвика поголеми финансиски последици, но не и во случаи на мали технички проблеми и/или проблеми поврзани со човечки фактор.

---

[1] УСЦЗ и Правилникот за начинот на пополнување на царинската декларација и кодексот на шифри кои се употребуваат како екстерни акти се објавени во Депозитарот на документацијата на Царинската управа

9. Под поголеми застои во работењето на НКТС се подразбира постојана (непрекината) недостапност на истиот, чие времетраење е подолго од 3 часа. Во вакви технички проблеми спаѓаат:
   - пад на серверскиот систем од различни причини,
   - прекин на напојувањето со електрична енергија, на локација на испоставата или во Централната управа,
   - прекини на телекомуникацискиот систем или интернет врските,
   - дефект во хардверската опрема и инфраструктурата,
   - напади на системскиот и апликативниот софтвер (појава на багови, вируси и други штетни програми),
   - намерен прекин за разрешување на техничките проблеми,
   - предвиден (планиран) прекин од различни причини и
   - други причини кои предизвикуваат недостапност на системот.

10. Во случај кога само дел од испоставата има проблем при употребата на НКТС, не се применува резервна постапка. Во таков случај работењето на царинската испостава се организира преку делот од царинската испостава кој не е засегнат со техничкиот проблем. Одлуката за измени во организацијата на работа во ваквите случаи ја носи шефот на испоставата или од него овластеното лице.

11. Во случај на технички проблеми на ниво на царинска испостава, управникот на надлежната царинарница, во консултации со Одделението дежурен царински центар и помошник директорот на Секторот за ИКТ, може да ја организира електронската обработка на транзитните декларации со употреба на компјутерите од (во) друга царинска испостава во таа царинарница која е технички способна за реализација на обработката на декларации. Во тој случај во царинската испостава каде се појавени технички проблеми нема да се применува резервната постапка.

12. Примената на резервна постапка ја одобрува Одделението дежурен царински центар врз основа на известување на раководните лица во појдовната или одредишната испостава во случај на непланирана недостапност или по известување од Секторот за ИКТ во случај на планирана или непланирана целосна недостапност на системот.

13. Кога појдовната испостава ќе воочи потешкотии и неможност за употреба на НКТС, истата го информира Одделението дежурен царински центар. Известувањето се врши со пополнување на 01.30.31.УП.011.03-ОБ.01.03 Известување за започнување/завршување на резервна постапка поради недостапност на НКТС системот на Царинската управа, кое се доставува по електронска пошта. Во делот I – „Барање за одобрение за употреба на резервна постапка", во образложението на барањето се наведуваат причините поради кои е потребна примена на резервната постапка и доколку е можно и проценка на времетраење на нејзината примена.

14. По прием на известувањето, Одделението дежурен царински центар во соработка со Секторот за ИКТ, ги анализира проблемите, започнува со активности за нивно отстранување, дава стручен совет и донесува одлука за употреба на резервна постапка со пополнување на Известување за започнување/завршување на резервна постапка поради недостапност на НКТС системот на Царинската управа, во делот II – „Одлука на Одделението дежурен царински центар за употреба на резервна постапка" и истата по електронска пошта ја доставува до царинската испостава која го доставила барањето.

15. Во случај на целосна или делумна недостапност на НКТС системот, Одделението дежурен царински центар информацијата за започнување на употреба на резервната постапка ја објавува на официјалната веб страна на Царинската управа согласно Упатството за начинот и постапката на објавување содржини на интернет страницата и интранет порталот на Царинската управа[2]. Доколку станува збор за планирана недостапност на НКТС системот, информацијата за започнување на употреба на резервната постапка се објавува најмалку 24 часа пред да настапи недостапноста.
16. Шефот на царинската испостава е должен да ги информира сите субјекти на ниво на работењето на царинската испостава, за започнувањето и престанокот на употреба на резервната постапка.

17. Кога системот повторно ќе биде достапен, Одделението дежурен царински центар носи одлука за престанок на употреба на резервната постапка и за истото по електонска пошта ги известува сите засегнати царински испостави. Доколку царинската испостава пред добивање на ова известување констатира дека се исполнети условите за престанок на употреба на резервната постапка, истата е должна веднаш да премине на стандардна постапка за поднесување и обработка на транзитна декларација (НКТС) и за истото да го извести Одделението дежурен царински центар со пополнување на третиот дел од Известување за започнување/завршување на резервана постапка поради недостапност на НКТС системот на Царинската управа, во делот III-. „Известување за завршување на употреба на резервната постапка". Одделението дежурен царински центар информацијата за завршување на употреба на резервната постапка ја објавува на официјалната веб страна на Царинската управа, согласно Упатството за начинот и постапката на објавување содржини на интернет страницата и интранет порталот на Царинската управа.

18. Одделението дежурен царински центар води евиденција во хартиена форма, за планираните и непланирани недостапности на НКТС, односно за неговиот почеток и завршување и ја чува предметната кореспонденција.

---

[2] Упатството за начинот и постапката на објавување содржини на интернет страницата и интранет порталот на Царинската управа како интерен акт е објавено во депозитарот на документација во Царинската управа

## V. Одобрување за употреба на резервна постапка во случај на недостапност на апликацијата на главниот обврзник или недостапност на мрежата која го поврзува неговиот систем со информацискиот систем на Царинска управа

19. Резервната постапка може да се употребува и во следните случаи:
    - Кога информацискиот систем на главниот обврзник е недостапен или
    - Кога е недостапна мрежата помеѓу системот на главниот обврзник и информацискиот систем на Царинска управа.

20. Во случај на потреба од примена на резервна постапка, економскиот оператор е должен да ја извести појдовната испостава, наведувајќи ги детално причините и почеток на времето за примената на резервната постапка.

21. Известувањето се врши со пополнување на 01.30.31.УП.011.03-ОБ.02.03 Барање/Одобрение за употреба на резервна постапка поради недостапноста на системот на главниот обврзник, со пополнување на делот I – „Барање за одобрение за употреба на резервна постапка". Известувањето се доставува во писмена форма или преку електронска пошта.

22. Царинската испостава, за барањето на економскиот оператор го известува Одделението дежурен царински центар преку електронска пошта, кое ја носи одлуката за почеток на употреба на резервна постапка. Одделението дежурен царински центар може да се согласи или да не се согласи со поднесеното известување со пополнување на делот II од Барање/Одобрение за употреба на резервна постапка поради недостапноста на системот на главниот обврзник– „Одлука на Одделението дежурен царински центар за употреба на резервна постапка". Одделението дежурен царински центар за својата одлука ја информира царинската испостава која го доставила известувањето преку електронска пошта и задолжително ја евидентира и чува предметната коресподенција.

23. Надлежната царинска испостава, чува копија од одлуката за примена на резервна постапка, а за истата без одложување го информира подносителот, доставувајќи ја одлуката од точката 22 на ова упатство по електронска пошта.

24. Доколку се одобри примена на резервна постапка, главниот обврзник е должен кон секоја декларација поднесена со употреба на резервна постапка, да приложи копија од одобрението за употреба на резервната постапка. Појдовната испостава задржува копија од одобрението и истото го архивира заедно со применетиот документ од точката 6 на ова Упатство.

25. Веднаш по повторното воспоставување на информацискиот систем, главниот обврзник е должен да прекине со употребата на резервната постапка и за истото ја информира појдовната испостава со пополнување и доставување по

електронска пошта на третиот делот III од Барање/Одобрение за употреба на резервна постапка поради недостапноста на системот на главниот обврзник – „Известување за завршување на употреба на резервна постапка".

26. За сите декларации кои се поднесени во резервната постапка, главниот обврзник мора да води посебна евиденција, а податоци за тоа е должен да достави на барање од надлежната појдовна испостава.

## VI. Постапка кај појдовна испостава

27. Транзитна декларација во хартиена форма се поднесува кај појдовната испостава во три примероци на ЕЦД-то ( листови број 1, 4 и 5), пополнета во согласност со Правилникот за начинот на пополнување на царинската декларација и кодексот на шифри кои се употребуваат.

28. Појдовната испостава проверува дали декларацијата е правилно пополнета и дали кон неа се приложени сите потребни документи и доколку нема неправилности, ја евидентира прифатената декларација во Контролникот за ставање на стока во транзитна постапка, во хартиена форма. Доколку во транзитната операција се вклучени транзитни испостави, главниот обрзник е должен кон транзитната декларација да достави толкав број на известувања за евидентирање на преминување на граница на образец ТЦ 10 – Известување за минување преку транзитна испостава, колку што има наведени транзитни испостави во рубрика 51 од транзитната декларација.

29. Транзитните декларации се евидентираат на ист начин начин како што се евидентираа пред започнување на задолжително доставување на електронски транзитни декларации кои се евидентираат и обработуваат во системот НКТС.

30. Појдовната испостава ги спроведува и завршува сите пропишани мерки од своја надлежност (проверка на усогласеност на декларацијата и прилозите, проверка на валидност на поднесената гаранција, евентуална проверка на документите и/или стоката, обезбедување на истоветност на стоката, определување на рок за завршување на транзитната постапка итн.). За прифаќање на транзитните декларации покрај обврската за поднесување на Потврда за општа гаранција ТЦ-31, Ваучер за поединечна гаранција ТЦ-32 или Потврда за иземање од гаранција ТЦ-33, главниот обврзник треба да достави и изјава дека се исполнети условите од член 256 став (4) од УСЦЗ, со која главниот обврзник изјавува дека гарантираниот износ за предметната транзитна декларација и транзитните операции за кои постапката сеуште не е завршена, не го надминува износот кој се покрива со банкарската гаранција.

31. Појдовната испостава одлуката за вршење на проверка на транзитната декларација во случај на примена на резервна постапка ја донесува врз основа на извршената анализа на ризик на податоците со кои располага.

32. Појдовната испостава ја заверува транзитната декларација. Во случај кога се применува ЕЦД, листот број 1 го задржува и архивира заедно со копија од одобрението за примена на резервна постапка, а листовите број 4 и 5 од ЕЦД-то ги предава на главниот обврзник/превозникот и истите ја пратат стоката до одредишна испостава. Во случај на ЕЦД испечатен на обична хартија или Образец на транзитен придружен документ (ТПД), една копија се задржува и архивира заедно со копија од одобрението за примена на резервна постапка, а две копии се предаваат на главниот обврзник/превозникот и истите ја пратат стоката до одредишна испостава. На главниот обрзник му се предаваат и обрасците ТЦ 10 кои превозникот е должен да ги приложи заедно со другите документи кај транзитните испостави.

## VII. Формалности во случај на инцидент во тек на превозот

33. Превозникот е должен без одложување да ја извести надлежната царинска испостава во случај на инцидент или сообраќајна незгода кои влијаат на можноста главниот обврзник или превозникот да ги исполнат своите обврски. Инциденти во тек на превоз се сметаат: неможност за почитување на пропишаниот правец на движење, ненамерно оштетување на пломбите, претовар на стоката на друго превозно средство, истовар (целосен или делумен) на стоката како резултат на непосредна опасност итн.

34. Во случај на инцидент или незгода во тек на превозот, превозникот веднаш, без одлагање е должен да ги внесе потребните податоци во рубрика 56 на лист 4 и 5 од ЕЦД-то или во соодветната рубрика од ТПД и да ги поднесе документите и стоката кај царинскиот орган кој е најблиску до местото каде се случил инцидентот, односно каде се наоѓа транспортното средство. Надлежната испостава одлучува дали транзитната постапка ќе продолжи.

35. Доколку транзитната постапка може да продолжи, надлежната испостава го заверува примерок број 4 и 5 од ЕЦД-то во рубрика Е или ТПД во соодветната рубрика и внесува податоци за преземените мерки.

36. Доколку пломбите се оштетени без вина на превозникот, надлежната испостава врши преглед на стока и возилото и ако го одобри натамошното спроведување на транзитната постапка, става нови пломби и ги внесува податоците за нив во рубриката 56 на примерок 4 и 5 од ЕЦД-то или во ТПД во соодветната рубрика и го потврдува тоа со службен печат.

37. Претовар на друго транспортно средство е возможно единствено по претходно одобрување од надлежната царинска испостава според местото каде се врши претоварот. Во овој случај превозникот ја пополнува рубрика 55 „Претовар" од листот 4 и 5 од ЕЦД или соодветната рубрика од ТПД. Рубриката се пополнува

читко, рачно, јасно, со пенкало и големи букви. Надлежната испостава ја заверува рубриката Ѓ од лист број 4 и 5 од ЕЦД  или соодветната рубрика од ТПД.

38. Кога се работи за повеќе од две претоварувања и кога веќе е пополнета рубрика Ѓ или соодветната рубрика од ТПД, превозникот ги запишува потребните податоци во рубрика 56 на лист број 4 и 5 од ЕЦД, а надлежната испостава ја оверува рубриката Е од ЕЦД-то  или соодветната рубрика од ТПД.

39. Кога поради непосредна опасност е потребно веднаш да се изврши истовар (делумен или целосен) на транспортното средство, превозникот е должен без одлагање да ја извести месно надлежната царинска испостава и да ги внесе потребните податоци во рубрика 56 од ЕЦД  или соодветната рубрика од ТПД. Надлежната испостава ги презема сите неопходни мерки и ја заверува рубрика Е од лист број 4 и 5 од ЕЦД  или соодветната рубрика од ТПД.

40. Доколку во тек на превозот се замени само влекачот (без замена на пломбите или претовар на стока) превозникот е должен регистарскиот број и националноста на превозното средство да ја запише во рубрика 56 од ЕЦД  или соодветната рубрика од ТПД. Во овој случај не е потребна оверка од надлежниот орган.

## VIII. Постапка во транзитната испостава

41. Откако превозникот ја ставил на увид стоката и придружните документи во транзитната испостава, царинскиот службеник ги презема пропишаните постапки (проверка на истоветност на пломбите, евентуален преглед на стока итн.), ја евидентира декларацијата во Контролникот за минување на стока преку транзитна испостава и задолжително заверува три примероци од ТЦ 10 кој превозникот е должен да му го достави. Заверката се врши со внесување на податоци за датум на ставање на увид на стоката во транзитната испостава, потпис на царинскиот работник и печат на транзитната испостава.

42. Еден примерок од образецот ТЦ 10 се враќа на превозникот, еден примерок се задржува во архивата на транзитната испостава, а еден примерок се доставува до Централната транзитна испостава која има обврска да го достави до појдовната испостава.

43. Во случај кога наместо во декларираната, стоката е ставена на увид во друга транзитна испостава, Централната транзитна испостава копија од образецот ТЦ 10 доставува и до декларираната транзитна испостава.

## IX. Постапка во  одредишната испостава

44. Откако превозникот ги ставил на увид стоката и придружните документи во одредишната испостава, царинскиот службеник ги презема пропишаните постапки (ја проверува истоветноста на стоката, пломбите, евентуален преглед на

стока итн.), ја евидентира декларацијата во Контролникот за завршување на транзитна постапка спроведена со примена на резервна постапка. На листот број 4 и 5 од ЕЦД или соодветната рубрика од ТПД испоставата го запишува датумот на пристигнување на стоката, број од контролникот за завршени транзитни постапки и податоци за резултати од извршени котроли.

45. Доколку стоката заедно со примероците 4 и 5 од ЕЦД или ТПД е доставена на одредишната испостава во одобрениот рок, со истоветни и со неоштетени пломби, царинскиот службеник од одредишната испостава е должен на барање на лицето кое ја има ставено стоката на увид, да ја завери Потврдата за прием на пратката ТЦ-11 (Прилог 36 од УСЦЗ ) или да ја стави забелешката „Алтернативен доказ" на задната страна на дополнителниот лист број 5 од ЕЦД), на копија на листот број 5 или на ТПД. Заверката се врши со внесување на податоци за место на заверка, датум на ставање на увид на стоката во одредишната испостава, потпис на надлежниот царински службеник и печат на одредишната испостава. Одредишната испостава не задржува примерок од потврдата ТЦ 11.

46. Одредишната испостава е должна на барање на лицето кое ја има ставено стоката на увид, а со цел да се обезбеди доказ дека постапката е завршена, да завери дополнителниот лист број 5 од ЕЦД, копија на листот број 5 или копија на ТПД. Заверката се врши со внесување на забелешката „Алтернативен доказ - 99202" на задната страна на дополнителниот лист број 5 од ЕЦД или на копија на листот број 5 или на предната страна на копијата од ТПД. Заверката се врши само после извршена контрола и внесување на резултати од контролата (во рубрика 3), независно дали резултатите од контрола се задоволителни (шифра на резултат од контрола А1, А2 или А5) или се утврдени неправилности кои не спречуваат определување на друг вид на царински дозволено постапување или употеба на стоката (шифра на резултат од контрола Б1).

47. Постапката опишана во точките 41, 42 и 43 се применува и во случај кога транзитната операција започнала во НКТС во појдовната испостава, а мора да заврши во резервна постатапка во одредишната испостава, со тоа што во ваков случај стоката може да пристигне исклучиво со ТПД.

## X. Постапка кај овластен испраќач

48. Доколу овластениот испраќач испраќа стока, а тоа не може да го направи во редовна постапка со употреба на НКТС заради недостапност на системот и/или мрежата, должен е да побара одобрение за примена на резервна постапка од појдовната испостава на начин како што е опишано во делот V од ова Упатство. Копија од одобрението овластениот испраќач е должен да приложи кон секоја декларација за резервна постапка.

49. Кога овластениот испраќач (на одобрена локација наведена во одобрението) сака да стави стока во резервна транзитна постапка, е должен веднаш за тоа на начин

наведен во одобрението (електронска пошта, факс) да ја извести појдовната испостава. Појдовната испостава дозволата за започнување на транзитната постапка ја доставува на овластениот испраќач на начин и во рок предвиден во одобрението за поедноставена транзитна постапка – Овластен испраќач.

50. Овластениот испраќач ги пополнува листовите број 1, 4 и 5 од ЕЦД ако е потребно и дополнителни обрасци ЕЦД-БИС, Товарница или печати ТПД. Овластениот испраќач ја евидентира транзитната декларација на начин предвиден во одобрението за употреба на поедноставена постапка на овластен испраќач. Со печатот кој му е доделен со одобрението за употреба на поедноставена постапка на овластен испраќач, испраќачот е должен да ги завери сите примероци на ЕЦД, ЕЦД-БИС, Товарница (рубрика В) или ТПД. Бројот на декларацијата се запишува во предвидената рубрика од печатот на овластениот испраќач. Овластениот испраќач покрај ова е должен сите листови на ЕЦД и дополнителните листови (рубрика А) или ТПД да ги завери со печат „Резервна постапка".

51. Овластениот испраќач е должен, најкасно до моментот на ставање на стоката во транзитна постапка во рубрика Г „Контрола на појдовната испостава" од декларацијата или во соодветната рубрика од ТПД да го впише рокот до кога треба стоката да се достави до одредишната испостава, презементите мерки за обезбедување на истоветноста и да го внесе текстот „Овластен испраќач – 99206".

52. По пуштање на стоката во транзитна постапка, овластениот испраќач листовите 4 и 5 од ЕЦД ги предава на превозникот, а лист број 1 од ЕЦД го задржува и без одлагање, но не подоцна од првиот нареден работен ден, го испраќа на појдовната испостава. Во случај на ТПД, една копија се предава на превозникот, а втората копија се задржува и без одлагање се испраќа на појдовната испостава.

53. Доколку овластениот испраќач во тек на една календарска година од вкупниот број на поднесени декларации за транзитна постапка повеќе од 2% декларации ги поднесе во резервна постапка, Царинската управа ќе разгледа повторно дали истиот ги исполнува условите за натамошно употреба на поедноставената постапка.

## XI. Постапка кај овластен примач

54. Кога стоката ставена во резервна транзитна постапка е доставена до овластен примач (на одобрена локација наведена во одбрението) овластениот примач е должен веднаш за тоа на начин наведен во одобрението (електронска пошта, факс) да ја извести одредишната испостава. Одредишната испостава дозволата за истовар на стоката ја доставува на овластениот примач на начин и во рок предвиден во одобрението за поедноставена транзитна постапка – Овластен примач.

55. Овластениот примач на лист број 4 и 5 од транзитната декларација или соодветната рубрика од ТПД ги внесува податоците за датумот на пристигнување на стоката, состојба на ставените пломби и утврдените неправилности доколку ги има и истите ги доставува до надлежната одредишна испостава истиот ден, а најдоцна следниот работен ден по завршување на истоварот.

56. Одредишната испостава го евидентира транзитот во Контролникот за завршување на транзитна постапка спроведена со примена на резервна постапка во хартиена форма, на листовите број 4 и 5 од ЕЦД го внесува бројот од контролникот, по што листот број 5 од ЕЦД го враќа на појдовната испостава, а лист број 4 го задржува и го известува овластениот примач за бројот од контролникот. Во случај на употреба на ТПД, во соодветната рубрика го внесува бројот од контролникот и еден примерок враќа на појдовната испостава, а вториот примерок го задржува и го известува овластениот примач за бројот од контролникот.

57. На барање на превозникот, овластениот примач е должен да ја завери потврдата за прием на пратка ТЦ-11, под услов стоката и листовите број 4 и 5 од транзитната декларација или ТПД да се доставени во одобрениот рок, со истоветни и неоштетени пломби. Потврдата се издава на образец од Прилог 36 од УСЦЗ или на позадината од листот број 5 од ЕЦД.

58. Постапката опишана во точките 44-47 од ова упатство се применува и во случај кога транзитната операција започнала во НКТС во појдовната испостава, а мора да заврши во резервна постатапка кај овластениот примач, со тоа што во ваков случај стоката може да пристигне исклучиво со ТПД.

## XII. Завршни одредби

59. Надлежни за постапување по ова Упатство се сите царински службеници од надлежните царинарници, Секторот за царински систем и Секторот за контрола и истраги.

60. При спроведување на резервната транзитна постапка соодветно се применуваат одредбите на Упатството за транзитна постапка кои се однесуваат на транзитна декларација во форма на ЕЦД.

61. Надлежни за предлагање на измени и дополнување на ова Упатство се помошник директорот на Секторот за царински систем и управниците на царинарниците.

62. Надлежни за вршење на контрола на спроведувањето на ова Упатство се раководителите на организационите единици надлежни за постапување.

63. Се задолжува Секторот за царински систем во рок од 3 дена од денот на донесување на ова Упатство да го направи достапно за сите вработени и да го

објави на интранет страницата на Царинската Управа во согласност со Процедурата за депозитар на документација.

64. Сите непосредни раководители се должни со одредбите на ова Упатство да ги запознаат вработените во организационата единица со која раководат.

65. Секое постапување спротивно на одредбите на ова Упатство ќе биде предмет на утврдување на дисциплинска одговорност.

66. Со донесување на ова Упатство, престанува да важи 01.30.31.УП.011.02 Упатството за спроведување на транзитна постапка со примена на резервна постапка бр. 01-036904/15-0001 од 26.05.2015 година.

67. Ова Упатство стапува на сила со денот на негово потпишување, а ќе се применува од датумот на ставање во продукција на НКТС 5.

Директор
Бобан Николовски

Бр. 01-036904/15-0002
Скопје, ----------.2024 г.
02-01-2025

Обрасци:
- Печат резервна постапка за НКТС (прилог 34-и од УСЦЗ - прилог 1)

Записи:
- 01.30.31.УП.011.03-ОБ.01.03 Известување за започнување/завршување на резервна постапка поради недостапност на НКТС системот на Царинската управа
- 01.30.31.УП.011.03-ОБ.02.03 Барање/Одобрение за употреба на резервна постапка поради недостапноста на системот на главниот обврзник

| | |
|---|---|
| Упатството го подготви: | Сектор за царински систем |
| Приматели: | Директор,<br>Заменик директор,<br>Советници на директорот,<br>Помошници директори на сектори,<br>Началници на независни одделенија<br>Управници на царинарници |
| Примерок доставен за : | Интерна/екстерна употреба |
| Оригиналот се чува во: | Сектор за царински систем<br>Архива |

Прилог 1

**ОБРАЗЕЦ НА ПЕЧАТ**
**РЕЗЕРВНА ПОСТАПКА ЗА НКТС**

| |
|---|
| **НКТС РЕЗЕРВНА ПОСТАПКА** |
| НЕМА ДОСТАПНИ ПОДАТОЦИ ВО СИСТЕМОТ |
| ЗАПОЧНАТО НА |
| ______________________ |
| *(Датум/час)* |

Напомена: Печатот е со димензии 26ммх 59мм и се нанесува со црвено мастило.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
**ЦАРИНСКА УПРАВА**

01.30.31.УП.011.03-ОБ.01.03

**Известување за започнување/завршување на резервна постапка поради недостапност на НКТС системот на Царинската управа**

**I.Барање за одобрение за употреба на резервна постапка**

Царинарница ___________________Царинска испостава: __________________________го известува Одделението дежурен царински центар за недостапноста на НКТС систем на Царинската управа и бара согласност за започнување на примена на резервна постапка. Употребата на резервната постапка би започнала на ден __________ во _______ часот.

Образложение:

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

_______________________________________________________________

Место: _______________ ден _______ час ______

Царински работник _____________________________

(потпис, факсимил, печат)

**II Одлука на Одделението дежурен царински центар за употреба на резервна постапка**

**Одделението дежурен царински центар го прими барањето за употреба на резервна постапка на ден _________ во _______часот и го евидентираше под број __________.**

**Врз основа на барањето Одделението дежурен царински центар:**

**☐ одобри употреба на резервна постапка**

**☐ не одобри употреба на резервна постапка**

**Место: _______________ ден ________ час ________.**

**Царински работник ________________________**

**(потпис, факсимил и печат)**

**<u>III. Известување за завршување на употреба на резервна постапка</u>**

**Царинарница ___________________Царинска испостава: ____________________________**

**го известува Одделението дежурен царински центар дека на ден ____________ во ______ часот престана со употреба на резервна постапка и започна употреба на редовна постапка.**

**Место: _______________ ден ________ час ________.**

**Одговорно лице:_______________________**

**(потпис, факсимил, печат)**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**ЦАРИНСКА УПРАВА**

01.30.31.УП.011.03-ОБ.02.03

## Барање/Одобрение за употреба на резервна постапка поради недостапност на системот на главниот обврзник

### I.Барање за одобрение за употреба на резервна постапка

Главениот обврзник ______________________________________________

имател на одобрение за електронска комуникација број _______од _________ година.

Ја молам Царинарница _________________Царинска испостава: ___________________

да одобри употреба на резервна постапка поради:

☐ недостапност на НКТС апликацијата на главниот обврзник

☐ недостапност на мрежата за поврзување со НКТС систем на Царинската управа

Резервната постапка би започнале да ја користиме на ден ________ во _______ часот.

Резервната постапка би ја користеле до ден ____________ во _________ часот.

Образложение:

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

____________________________________

Место: _______________ ден _______ час ______

Подносител на барањето ______________________________

(име и презиме, функција, потпис)

### II Одлука на Одделението дежурен царински центар за употреба на резервна постапка

**Одделението дежурен царински центар го прими барањето за употреба на резервна постапка на ден _________ во _________часот и го евидентираше под број __________.**

Врз основа на барањето Одделението дежурен царински центар:

☐ одобри употреба на резервна постапка

☐ не одобри употреба на резервна постапка

Место: _______________ ден ________ час ________.

Царински работник _________________________

(потпис, факсимил и печат)

### III. Известување за завршување на употреба на резервна постапка

Главниот обрвзник ____________________________известува дека на ден ____________ во ______ часот престана со употреба на резервна постапка и започна употреба на редовна постапка.

Место: __________________ ден _________ час _______.

Одговорно лице:_______________________

(име и презиме, потпис)